**20151504258**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за безбедност на козметичките производи,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 26 август 2015 година.

Бр. 08-3914/1
26 август 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА КОЗМЕТИЧКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Во Законот за безбедност на козметичките производи („Службен весник на Република Македонија‘‘ број 55/2007 и 47/11), во членот 25 став 1 зборовите: „2.500 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „500 до 1.000‘‘ се заменуваат со зборовите: „300 до 450‘‘.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од став 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

Во ставот 4 зборовите: „600 до 700“ се заменуваат со зборовите: „300 до 450‘‘.

Член 2

Во членот 25-а став 1 во воведната реченица зборовите: „3.000 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „1.000 до 1.500 ‘‘ се заменуваат со зборовите: „350 до 520‘‘.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од ставот 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице. “

Во ставот 4 зборовите: „700 до 800‘‘ се заменуваат со зборовите: „350 до 500‘‘.

Член 3

Во членот 25-б став 1 во воведната реченица зборовите: „4.000 до“ се бришат.

Во ставот 2 зборовите: „1.500 до 2.000‘‘ се заменуваат со зборовите: „500 до 750‘‘.

Ставот 3 се менува и гласи:

„Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршоците од став 1 на овој член и на одговорното лице во правното лице.“

Во ставот 4 зборовите: „800 до 1.000‘‘ се заменуваат со зборовите: „500 до 750‘‘.

Член 4

Членот 25-в се менува и гласи:

„За прекршоците утврдени во членовите 25, 25-а и 25-б од овој закон, државниот санитарен и здравствен инспектор е должен на сторителот на прекршокот да му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.

Државниот санитарен и здравствен инспектор е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.

Во евиденцијата од ставот 2 на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и за исходот на постапката.

Личните податоци од ставот 3 на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.

Формата и содржината на прекршочниот платен налог ги пропишува министерот за здравство.“

Член 5

По членот 25-в се додаваат два нови члена 25-г и 25-д, кои гласат:

„Член 25-г

Одмерувањето на висината на глобата за правното лице се врши согласно со Законот за прекршоците.

Член 25-д

Прекршочната постапка за прекршоците предвидени во овој закон ја води и прекршочни санкции изрекува надлежниот суд.“

Член 6

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.